# МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА

Под „Источна криза" се подразбираат сите воено-политички случувања од средината на XIX век до Берлинскиот конгрес на европскиот дел на Османлиската империја. Во Источната криза, голема улога имаат Големите сили (Англија, Франција, Русија, Австро-Унгарија и Германија) кои иницираат и поддржуваат буни и востанија на балканските народи во нивната желба да создадат свои национални држави или да ги прошират своите државни граници за сметка на Османлиската империја. Зад ваквиот интерес на Големите сили, стои нивната желба за истиснување на османлиите од Европа и ширење на своето економско, политичко и воено влијание на тој дел од Европа. Интерес за западниот брег на Балканот има и младата империјалистички настроена држава Италија.

Во центарот на сите геополитички планови на Големите сили, на Италија и на тогаш постоечките балкански држави на Балканот се наоѓа Македонија.

На 08. Јули 1876 г. во Рајштад (Чехија) на високо меѓудржавно ниво се состанале руски и австро-унгарски дипломати кои планирале во случај на распад на Османлиската држава, на Балканот да се создадат независни кнежевства Бугарија и Румелија (Македонија). Бидејќи Османлиската власт секогаш била притискана од Големите сили поради непочитувањето на правата на христијаните во европскиот дел на државата, се претпоставувало дека токму тоа ќе биде новиот повод за реализацијата на овој Австро-руски план. За да ја спречи реализацијата на овој план, Англија иницирала дипломатска активност на Сулатанот, кој во Цариград (Истанбул) свикал Цариградска амбасадорска конференција (ноември 1876 – јануари 1877). Во текот на конференцијата, султанот донел Устав во Османлиската држава кој се однесувал на сите жители без разлика на верската припадност. Така, тој отфрлил дел од заканите на Русија кои би можеле да бидат повод за нова војна.

Но Русија со Австро-Унгарија незадоволни од исходот на Цариградската конференција, потпишале тајна конвенција во Будимпешта со која се договориле да почнат војна со Османлиската држава. Австро-Унгарија да ја освои територијата Босна, а Русија да го прошири своето влијание во териториите Бугарија и Румелија. Согласно договореното Русија во април 1877 год започна нова војна со Османлиската империја која заврши со Сан-Стефанскиот мир (03.03.1878) со кој се предвидувало создавање на Голема Бугарија (од море до море) под руски протекторат. Во составот на оваа држава влегла скоро цела територија на Македонија.

Но Англија, Германија, Франција, Италија па дури и Австро-Унгарија не биле задоволни со овој голем руски продор на Балканот и Медитеранот, па побрзале и во периодот 13 јуни – 13 јули 1878 г. одржале кнгрес во Берлин на кој го ревидирале Сан-Стефанскиот договор и меѓународно ги признале и ги потврдиле границите на балканските држави Србија, Црна Гора и Романија. Со Берлинскиот конгрес, наместо голема Бугарија формирани се Бугарско кнежевство (од Дунав до Стара планина) и автономна област Источна Румелија јужно од кнежевството. Со членовите 23 и 62 од Берлинскиот договор Македонија и понатаму останува во

границите на Османлиската држава на која ѝ наложиле да спроведе низа реформи во полза на христијанското население на европскиот дел од империјата.




Карта на Балканот во 1885 год. (*Тесалија ѝ е доделена на Грција во 1881 год)

# ПРОПАГАНДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Со Берлинскиот конгрес Македонија беше територија која остана во составот на Османлиската држава, а сите соседни народи имаа свои национални држави (освен албанците). Од тие причини токму Македонија и Македонците беа изложени на најразлични форми на денационализаторски и асимилаторски притисоци од сите балкански држави кои се стремеа да ги прошират своите државни граници во Македонија.

Најсилно пропагандно средство била црквата.

До 1870 година, на европскиот дел на Османлиската држава единствената дозволена христијанска верска институција била Цариградската Патријаршија (Грчката црква). Токму преку неа, грчката држава се обидувала покрај верското, да го шири своето јазично, економско, политичко и културно влијание во Македонија. Но македонското христијанско население тешко ја прифаќало грцизацијата и давало најразлични форми на отпор. Кога Цариградската патријаршија се обидувала да го грцизира македонскиот народ преку црквата, наидувала на отпор кој се манифестирал преку неприфаќање на грчкиот јазик во богослужбата, протести на населението, неплаќање на давачките кон црквата и сл.

Посебен вид на отпор против црковната пропаганда е **УНИЈАТСТВОТО**. Унијатството претставува општествена појава кај православно христијанско население кое го прифаќа римскиот Папа за свој врховен верски поглавар. (Со унијатството православните верници не преминуваат во католицизам, туку само го прифаќаат Папата за врховен верски поглавар. Црковните обреди, практикувањето на религијата, верските институции и објекти остануваат исти како претходно, те. како во православието)

Во Македонија во 19 век имало три обиди за унија со римокатоличката црква. Унијатството следува како одговор на населението против Цариградската патријаршија и е силно изразено за 100 годишнината од укинувањето на Охридската архиепископија.

Првата иницијатива за унијатство е во градот Кукуш во 1859год. Иницијатор и предводник на оваа идејата е Димитрија Миладинов. Оваа унија е спречена со црковна интервенција на Русија, која издејствувала кај Цариградската патријаршија, за дојранско – кукушки владика да го постави Партенија Зографски (македонски учебникар и преродбеник).

Вториот обид за унија е многу посилен и помасовен. Се случува во 1873/74 год. кога Цариградската патријаршија и новосоздадената православна црква – Бугарската егзархија се спогодувале меѓу себе за сметка на македонското население. Тогаш, шест македонски црковни општини од југот на Македонија, покренале иницијатива за обновување на Охридската архиепископија како унијатска црква со Ватикан. Водач на ова унијатско движење бил беровскиот учител Димитар Попгеоргиев Беровски. Оваа втора иницијатива за унија

постепено згаснала со активноста на егзархискиот пратеник Петко Славејков во Солун и со Разловечкото востание.

Трет обид за унија има во 1891/92год. но е последица на дејствувањето на Бугарската Егзархија. Митрополитот скопски Теодосиј Гологанов преговарал со претставници на римокатоличката црква, за Скопската епархија да излезе од составот на Бугарската егзархија и да стапи во унија со Ватикан. Теодосиј е прогласен за македонски сепаратист, а турските власти го уапсиле, Егзархијата го расчинила од митрополитската титула и го испратила во Бугарија во манастир.

Незадоволството од грчкото свештенство во Македонија, освен со обиди за унијатство, било манифестирано на различни начини.

На пр:

- Учителот Јанаки Стрезов организирал две петиции со кои собрал 5000, односно 12000 потписи на граѓани кои барале обновување на Охридската архиепископија.
- Скопјани ги отфрлале богослужбите на грчки јазик и ги запалиле грчките книги во 1860.
- Во Прилеп и Штип биле избркани грчките свештеници ... и сл.

Од 70-тите години на 19 век силни се и бугарската и српската пропаганда.

За потребите на српската пропаганда во Белград било формирано **друштвото „Св.Сава“** преку кое во Македонија биле испраќани учители, бабици, лекари, свештеници, учебници, весници ... и сл. Преку поткуп и на различни начини српски пропагатори се уфрлале во водството на црковно училишните општини и шреле србизам.

На македонските ученици кои би учеле во Србија им биле давани бесплатни учебници, стипендии, интернатско сместување, храна, облека и сл. Српската и бугарската пропагаторска машинерија, печатела и учебници кои се напишани на македонски народен јазик но со просрпска или пробугарска насока во нив.

Познатиот бугарски деец Петко Славејков во 1869 се обидел да печати македонски учебници на бугаризиран јазик, а истото тоа на српски јазик го направил Стојан Новаковиќ 20 години подоцна.

Пропагандата се ширела и преку отворање на училишта, читалишта (библиотеки), разни здруженија на граѓани, празнувања на национални празници на соседните држави, трговски агентства и сл.

Освен споменатите, во Македонија во периодот од средината на 19 и почетокот на 20 век застапени се и католичката пропаганда, протестантската пропаганда и романската пропаганда. (романската пропаганда е кај влашкото население во Македонија)

Најпознат протестантски мисионер од почетокот на 20 век во Македонија е Мис Елен Стон (Хелен Стон). (Да си го гледате филмот МИС СТОН).

Но Македонскиот народ умеел на свој начин да се справува со пропагандите, пред се со **Црковно-училишните општини** кои се јавуваат како чувари на народниот идентитет.

Црковно-училишните општини биле црковни, просветни и културни институции со самоуправна дејност во рамките на Охридската архиепископија. Тие издавале крштелни свидетелства (Крштеници), се грижеле за црковно – просветните, комуналните, здравствените и социјално-хуманитарните проблеми, а исто и посредувале во решавањето на семејните и наследните права и спорови. Преку нив се случувал целиот општествено-политички и културно-просветен живот на христијанското население. Со укинувањето на Ох. архиепископија во 1767год, црковно-училишните општини потпаднале под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Таа интензивно почнала процес на грцизирање на црковно-училишните општини и преку нив ја ширела грчката пропаганда, во обид да го асимилира македонското христијанско население. Но, во XIX век, со миграциите село-град, градовите добиваат изразито македонски карактер, а во нив се појавува македонско економски моќно население (занаетчии и трговци) кое ги презема управите на црковно-училишните општини под своја контрола. Со тоа црковно-училишните општини се одвојуваат од Цариградската патријаршија и функционираат како посебна самостојна црковна власт. Тие воделе грижа за градење и одржување на цркви и манастири, за отворање на училишта во рамките на црковно-училишните општини, поставување на учители, свештеници и сл.

Црковно-училишните општини во наставата го воведуваат македонскиот народен јазик и имаат голема улога во зачувувањето на верскиот, културниот и националниот идентитет.